Delete and use school letterhead

Delete and type date

Delete and type parent/carer name and address

**УПИС ВО 7МИ КЛАС ИДНАТА ГОДИНА**

**PLACEMENT IN YEAR 7 NEXT YEAR**

Име и презиме на ученикот: Delete and type name of student

Календарска година за упис во Year 7: Delete and type calendar year for placement in Year 7

Датум кога треба да се врати *Молбата за упис*: Delete and type date for return of Application to enrol

Телефонски број во училиштето ако ви треба помош: Delete and type school telephone number

Почитувани родители/старатели,

Ви благодариме што изразивте интерес да го запишете вашето дете, чие име и презиме се наведени погоре, во Year 7 во ова училиште.

Во согласност со интересот што го изразивте за упис, го евидентиравме вашето дете за предложениот упис во списокот за упис за идната година. Како што знаете, се додека училиштето не ја одобри пополнетата молба за упис, вашето дете не може да се запише.

Ако сакате да продолжете со формална молба за упис, ве молиме пополнете ја приложената *Молба за упис во државно училиште во Нов Јужен Велс (Application to enrol in a NSW government school)* **на англиски јазик** и вратете ми го овој формулар до датумот кој е наведен погоре.

Ве молиме, обрнете внимание на следните работи:

- Мора да ги одговорите сите прашања во молбениот формулар освен оние кои се однесуваат на вашето занимање и образование
- Ако не ја примиме вашата молба за упис до датумот кој е наведен погоре, ќе сметаме дека повеќе не сте заинтересирани и други ученици ќе бидат поканети да поднесат молба за упис
- Ако ја поднесете оваа молба, меѓутоа после тоа сте се предомислиле, или ако околностите во кои се наоѓате се измениле и не сакате повеќе да продолжите со уписот, ве молиме, колку што можете побрзо известете ги за тоа во училиштето за да можеме да контактираме други ученици од нашата листа на чекање за упис.

Вашата молба ќе се разгледа според приоритет.  Ако таа се одобри, ќе ви биде испратена формална потврда за упис.  Во некои случаи, можеби ќе треба да проследиме со вас некои аспекти од податоците кои сте ги доставиле во молбата.  Ќе ве контактираме ако тоа е потребно.

Ако ви треба помош да го пополнете формуларот *Application to enrol in a NSW government school,* ве молиме контактирајте го локалното основно училиште или телефонирајте ни за да закажете средба на која ќе можете да разговарате со некој од персоналот во нашето средно училиште.  Ако ви е потребна помош од преведувач, можете да телефонирате во Телефонската преведувачка служба (Telephone Interpreter Service) на 131 450 и да побарате преведувач на вашиот јазик.  Преведувачот ќе телефонира во училиштето и ќе остане на линија за да ви помогне при разговорот.  За оваа услуга нема да ви наплатат.

Ви благодариме за помошта.

Со почит,

Директор
Principal